2023

JРП Македонска
Радио Телевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА JРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.07 - 30.09.2023 ГОДИНА

III Квартал

C

# СОДРЖИНА


I. ВОВЕД ....3

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 07 до 09 м. 2023 ГОДИНА ....4

II. ПРИХОДИ ....4

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.07 – 30.09.2023 ГОДИНА ....5

III. ТРОШОЦИ – ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ ....6

Трошоци за вработените ....6
Патни и транспортни трошоци ....7
Заеднички трошоци ....7
Програмски права ....8
Останати трошоци од работење ....9
Инвестиции ....9

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.07 - 30.09.2023 ГОДИНА ....10

IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2023 ГОДИНА ....14

V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.09.2023 ГОДИНА СО РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ НА 30.09.2023 ГОДИНА ....15

1. Побарувања од купувачите во земјата ....15
2. Побарувања од купувачите во странство ....16

VI. РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.09.2023 ГОДИНА ....16

VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2023 ГОДИНА ....17

# I. ВОВЕД

Македонската Радиотелевизија како јавен радиодифузен сервис, преку своите радио и ТВ канали, подготвува и емитува програма од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик, на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик како и на јазикот на другите немнозински заедници. Преку радио и ТВ сателит и/или интернет, со 24 часовно времетраење, програмата на МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП Македонска Радио Телевизија изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

За реализација на програмските и останатите активности во третото тримесечје од 2023 година, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 227.068.939 денари и трошоци во износ од 264.255.471 денар при што е остварен негативен финансиски резултат во износ од 37.186.532 денари. Воглавно, остварувањата и во делот на приходите и во делот на расходите се движат во рамки на планираните и очекувани износи во анализираниот период, освен во делот на приходи за финансирање/постигнување на повисок степен на програмски и техничко технолошки развој, средства кои МРТ ги добива од Буџетот на РСМ согласно Законот за ААВМУ и кои во третиот квартал од 2023 година беа остварени во износ од 50.000.000 денари. Токму ова остварување претставува основна причина за негативниот финансиски резултат во третиот квартал од 2023 година, или поточно, од причина што приходот по овој основ на месечно ниво нерамномерно е исплатуван и во периодот 01.04-30.06.2023 година наместо планираните 75.000.000 денари, имаше реализација од 175.000.000 денари па во рамки на финансиското работење во споменатиот период МРТ оствари позитивен финансиски резултат во износ од 86.575.020 денари, сега, со оглед на фактот што остварувањето од 50.000.000 денари е пониско од планираното за анализираниот период, тоа всушност ја намали вкупната реализација кај приходите и придонесе за остварување на негативен финансиски резултат.

## ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.07 - 30. 09. 2023 ГОДИНА

| ОПИС | Остварување 01.07.-30.09.2022г. | | Финансиски план 2023г. | | Остварување 01.07.-30.09.2023г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **233,598,114** | **100.0** | **1,487,500,000** | **100.0** | **227,068,939** | **100.0** | **97.2** | **15.3** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **230,778,437** | **98.8** | **1,383,350,000** | **93.0** | **264,255,471** | **116.4** | **114.5** | **19.1** |
| Трошоци за вработени | 109,437,338 | 46.8 | 527,700,000 | 35.5 | 125,365,319 | 55.2 | 114.6 | 23.8 |
| Патни трошоци и транспортни трошоци | 2,756,265 | 1.2 | 11,300,000 | 0.8 | 3,093,151 | 1.4 | 112.2 | 27.4 |
| Заеднички трошоци | 56,321,784 | 24.1 | 230,540,000 | 15.5 | 33,090,436 | 14.6 | 58.8 | 14.4 |
| Програмски права | 47,958,978 | 20.5 | 517,230,000 | 34.8 | 90,652,666 | 39.9 | 189.0 | 17.5 |
| Останати трошоци од работење | 14,304,072 | 6.1 | 96,580,000 | 6.5 | 12,053,899 | 5.3 | 84.3 | 12.5 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **2,819,677** | | | | **-37,186,532** | | | |

## II. ПРИХОДИ

Во периодот 07-09 месец 2023 година реализирани се приходи во износ од 227.068.939 денари.

Основен извор на финансирање на работењето на МРТ е приходот за финансирање на радиодифузна дејност, средства кои МРТ ги добива од Буџетот на РСМ – Министерство за информатичко општество и администрација. Во анализираниот период овој приход е остварен во износ од 167.625.000 денари или 73,8 % од вкупно реализираниот приход во 2023 година.

Останатите видови приходи кои се остварени во четвртиот квартал се следните:

За финансирање/постигнување на повисок степен на програмски и техничко технолошки развој, согласно Законот за ААВМУ, од Буџетот на РСМ во третиот квартал од 2023 година на МРТ и беа исплатени средства во вкупен износ од 50.000.000 денари или 16,7% во однос на планираниот износ за оваа намена. Поради фактот што во текот на 2023 година овие средства МРТ ги добива нерамномерно на месечно ниво, односно во периодот 01.04-30.06.2023 година наместо планираните 75.000.000 денари, имаше реализација од 175.000.000 денари, остварувањето во овој анализиран период е пониско од планираното и придонесе за завршување на третото тримесечје од 2023 година со остварен негативен финансиски резултат.

Приходот остварен по основ на закупнини изнесува 44.907 денари, додека пак по основ на услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и други услуги) во износ од 374.394 денари. односно 12.5% во однос на планираниот износ за оваа намена.

Ставката останати деловни приходи е реализирана во износ од 7.037.767 денари а се однесува на приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, наплатени отпишани

побарувања, приходи од вредносно усогласување на побарувања од РДТ, дополнитено утврдени приходи од минати години и друго.

Приходите од наплата на средства по основ на судски пресуди во корист на МРТ бележат остварување во износ од 41.525 денари.

Приходот од маркетинг (РА и ТВ реклами и услуги) во третото тримесечје од 2023 година е остварен во износ од 1.945.346 денари што е реализација од 9.7% на планираните средства во Финансискиот план за 2023 година за оваа намена.

### ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.07 – 30.09.2023 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Остварени приходи 01.07-30.09.2022 год. | Планирани приходи за 2023 г. | Остварени приходи 01.07-30.09.2023 год. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приходи од Буџет на РМ за финансирање на радиодифузна дејност | 167,625,000 | 1,140,500,000 | 167,625,000 | 100.0 | 14.7 | 73.8 |
| Приходи од Буџет на РМ за финансирање на програмски и техничко технолошки развој | 62,400,000 | 300,000,000 | 50,000,000 | 80.1 | 16.7 | 22.0 |
| Закупнини | 22,450 | 500,000 | 44,907 | 200.0 | 9.0 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 172,438 | 3,000,000 | 374,394 | 217.1 | 12.5 | 0.2 |
| Приходи од услуги во странство (технички услуги, отстапени права, ISDN линии и сл.) | 248,952 | 2,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски, дополнително утврдени приходи од претходни години и др) | 2,507,141 | 15,000,000 | 7,037,767 | 280.7 | 46.9 | 3.1 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 30,692 | 1,500,000 | 41,525 | 135.3 | 2.8 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 591,441 | 20,000,000 | 1,945,346 | 328.9 | 9.7 | 0.9 |
| Приходи од донации, продажба на програма, реемитување и останати услуги | 0 | 5,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **233,598,114** | **1,487,500,000** | **227,068,939** | **97.2** | **15.3** | **100.0** |

# III. ТРОШОЦИ

Во текот на периодот јули - септември 2023 година, во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 264.255.471 денари што во однос на Годишниот финансиски план за 2023 година претставува остварување од 19.1%.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.07-30.09.2023 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2022г. | Финансиски план 2023г. | Остварување 01.07.-30.09.2023г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци на вработените | 109,437,338 | 527,700,000 | 125,365,319 | 114.6 | 23.8 |
| Патни и транспортни трошоци | 2,756,265 | 11,300,000 | 3,093,151 | 112.2 | 27.4 |
| Заеднички трошоци | 56,321,784 | 230,540,000 | 33,090,436 | 58.8 | 14.4 |
| Програмски права | 47,958,978 | 517,230,000 | 90,652,666 | 189.0 | 17.5 |
| Останати трошоци од работење | 14,304,072 | 96,580,000 | 12,053,899 | 84.3 | 12.5 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **230,778,437** | **1,383,350,000** | **264,255,471** | **114.5** | **19.1** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 2,100,400 | 104,150,000 | 15,522,164 | 739.0 | 14.9 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **2,100,400** | **104,150,000** | **15,522,164** | **739.0** | **14.9** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **232,878,837** | **1,487,500,000** | **279,777,635** | **120.1** | **18.8** |

## Трошоци за вработените

Во третиот квартал од 2023 година групата Трошоци за вработени е остварена во вкупен износ од 125.365.319 денари или 23.8% од средствата планирани за оваа намена. Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за бруто плати на вработените кои во анализираниот период изнесуваат 124.686.806 денари и кои во однос на истиот период 2022 година се повисоко реализирани поради тоа што почнувајќи од месец Септември 2023 година, извршено е усогласување на минималната плата на вработените во МРТ со минималната нето плата на ниво на држава а согласно потпишаните измени во Колективниот договор склучен помеѓу Синдикатот на МРТ и Програмскиот совет на МРТ. Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците за отпремнина исплатена на вработените кои оствариле право на пензија реализирани во износ од 215.454 денари, трошоците за јубилејни награди исплатени се 218.256 денари на вработените кои оствариле работен стаж во куќата од 10, 20, 30, 35 и 40 години, трошоците за други лични примања на вработените остварени во вкупен износ од 223.091 денари кои ги опфаќаат сите разни видови на помош (помош за вработени кои имаат деца со посебни потреби, помош во

случај на смрт, боледување подолго од 6 месеци и слично) како и трошоците за едукација и обуки на вработените, семинари и слично во износ од 21.712 денари.

Просечната плата по работник за периодот 07-09 месец 2023 година изнесува 41.488 денари.

## Патни и транспортни трошоци

Оваа група на трошоци е остварена во вкупен износ од 3.093.151 денар, реализирана со 27.4% во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2023 година за оваа намена. Реализацијата на патните трошоци во земјата опфаќа патувања на екипите на МРТ за пренос и емитување на настани како Охридско лето, прослава на годишнина од Илинденското востание во Крушево и Пелинце, фестивал Песна ечи – Струга, Охрид-фестивал на влашки јазик и денови на влашка култура, Охридски маратон, Охрид фест- Охридски трубадури, филмски фестивал Браќа Манаки во Битола, Маврово – снимање на патеписни репортажи на албански јазик, пренос од разни културни настани, концерти, од разни спортски натпревари и друго. Патувањата на екипите на МРТ надвор од земјата за реализацијата на планираните и тековните активности во врска со снимање на емисии од разни области или присуство на најразлични саеми и средби за програмски цели се однесуваат на патувања во: Приштина, снимање на емисијата МОТИВ со Рам Љахај светски познатиот тенор, посета на Подградец за известување од посетата на претседателот Стево Пендаровски од еднодневната работна посета во Албанија. Потоа, снимање, репортажа и прилог за вести на Скопје - танцовиот театар, на Шекспир Фестивалот во Верона, учество и претставување на македонските домашни производи на меѓународен саем Агра во Горна Радгоња поддржано од Министерството за Земјоделство шумарство и водостопанство, присуство на Public Broadcasting International организирано од Чешката телевизија, присуство на презентација за виртуелна и аугментативна реалност и присуство на IBC во Амстердам, Холандија, известување од фудбалски натпревар на Малта - Македонија во Валета. Екипа на ЈРП МРТ исто така известуваше од Њујорк по повод 78 генерално собрание на ОН, беше присустна и на презентација за систем за управување и рационализација на ресурси и дигитални архиви во Љубљана, Словенија, а беа реализирани и снимања на две документарни репортажи во Цирих и Луцерн итн.

## Заеднички трошоци

Во третиот квартал од 2023 година групата на заеднички трошоци бележи остварување во вкупен износ од 33.090.436 денари и реализација од 14.4% на финансискиот план за 2023 година за оваа намена. Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за електричен и технички материјал како и материјал за поправка и одржување со вкупно остварување од 373.237 денари, трошоците за канцелариски материјали, материјали за возен парк и заштитна облека и обувки ХТЗ опрема е со вкупно остварување од 438.029 денари, потоа трошоците за енергија - електрична, топлотна, гориво и мазиво остварени во вкупен износ од 9.349.347 денари, трошоците за ситен инвентар во

износ од 1.187.833 денари, како и телефонските трошоци (фиксна и мобилна телефонија) со интернет и поштарина остварени во вкупен износ од 689.130 денари, трошоците за аудио и видео линии потребни за сите радио и ТВ преноси реализирани се во износ од 1.530.638 денари. Остварување во рамки на планираните износи за 2023 година бележат и трошоците за обезбедување на имот и лица и трошоците за одржување на хигиена и тоа во вкупен износ од 2.147.012 денари, трошоците за инвестиционо и тековно одржување на основните средства во износ од 1.045.941 денари, потоа трошоците за одржување на возила во износ од 141.483 денари, GPS уреди од 7.062 денари, трошоците за одржување на ВЕБ страната на МРТ во износ од 106.484 денари како и трошоците за комунални услуги со вкупна реализација од 1.071.755 денари. Ставката огласи и конкурси е реализирана со износ од 107.576 денари, додека пак за регистрација и давање на полномоштва за управување со возилата сопственост на МРТ е остварен трошок во износ од 69.339 денари. Пресметаните трошоци за амортизација на основните средства во анализираниот период изнесуваат вкупно 9.550.025 денари или 15.9% од планираните трошоци на финансискиот план за 2023 година. За надомест на членовите на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ реализацијата изнесува 1.984.471 денари, а пресметката и исплатата се врши согласно законот за ААВМУ. Реализацијата во ставките банкарски трошоци, трошоци за осигурување, трошоци за промоција и пропаганда, трошоци за даноци и судски такси е со остварување во вкупен износ од 1.198.653 денари. Трошоците за камати од работење и затезни камати, казни, надомест на штети и негативните разлики изнесуваат 1.819.284 денари, додека пак трошоците за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра (надвор од постапка за јавна набавка) се реализирани во износ од 191.684 денари. Дополнително утврдените расходи по основ на пристигнати фактури во анализираниот период а кои се однесуваат на минати години се остварени во износ од 81.453 денари.

## Програмски права

Групата на трошоци за откуп на програмски права за емитување на програма се остварени во вкупен износ од 90.652.666 денари што претставува 17.5% реализација на планот за 2023 година за оваа намена.

Ставката откуп на права за пренос и емитување на спортски настани е реализирана во износ од 44.097.683 денари, а се однесува на фактурирана реализација на спортски права за пренос на UEFA Лига на шампиони и UEFA Супер Куп 2023.

За лиценцни права за емитување на филмови, серии и документарни емисии од најразлични жанрови на ТВ програмските сервиси на МРТ, реализирани се трошоци во износ од 1.565.075 денари.

Трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 30.393.715 денари и опфаќаат реализација на договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на емисии од областа на музиката, образованието, забавно-контактни емисии, информативни

емисии и серијали како ТВ проект со наслов Акорди, ТВ проект за деца со наслов Дајте музика, документарен филм со наслов Сјајот на ѕвездата како и изработка на други аудиовизуелни содржини за потребите на ТВ програмските сервиси.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 14.097.089 денари и таа во овој период опфаќа фактурирана реализација за пристап до лиценцирани вести од интернет, потоа откуп и емитување на ТВ проектите Приказна, Технолошки центар, Дипломатија и бизнис како и ТВ проектот за деца со наслов Музички Камп. Надоместот за откуп на лиценца за емитување на јуниорски Евросонг 2023 година изнесува 499.104 денари.

## Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци во анализираниот период е остварена во вкупен износ од 12.053.899 денари или остварување од 12.5% во однос на планираниот износ за оваа намена. Истата ги опфаќа трошоците за адвокатски и нотарски услуги во износ од 37.170 денари, трошоци за вештачење во износ од 23.600 денари, како и технички услуги во износ од 49.202 денари. Трошоците за ангажирање на надворешни лица преку авторска агенција за склучување на авторски договори се остварени во износ од 5.479.993 денари, реализирани со цел да се надмине проблемот со дефицит на кадар во одделни сектори или одделенија во МРТ. Како дел од оваа група се и трошоците за годишни членарини за учество во меѓународни организации – ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО и слично, реализирани во износ од 3.786.423 денари и надоместокот кон ЗАМП за мало авторско право кој изнесува 2.632.614 денари.

## Инвестиции

Во рамки на планираните средства за инвестиции во нова опрема во третиот квартал од 2023 година имаме фактурирана сума од 15.522.164 денари, односно 14,9% во однос на планираниот износ за оваа намена. Во третиот квартал реализирани се набавки на процесна опрема, дронови и систем за просторно наведување на камери се во насока на подобрување на квалитетот на ТВ програмата.

## АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.07 - 30.09.2023 ГОДИНА

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2022г. | Финансиски план 2023г. | Остварување 01.07.-30.09.2023г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,г.о., боледување,платено отсуство | 108,739,306 | 505,000,000 | 124,686,806 | 114.7 | 24.7 |
| Регрес за годишен одмор | 0 | 17,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Отпремнина за одење во пензија | 504,548 | 1,500,000 | 215,454 | 42.7 | 14.4 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени,разни видови помош) | 191,124 | 2,000,000 | 223,091 | 116.7 | 11.2 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 0 | 1,200,000 | 218,256 | 0.0 | 18.2 |
| Трошоци за здравствени услуги | | 650,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за едукација | 2,360 | 350,000 | 21,712 | 920.0 | 6.2 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **109,437,338** | **527,700,000** | **125,365,319** | **114.6** | **23.8** |
| **Патни и транспортни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 1,082,887 | 3,400,000 | 752,806 | 69.5 | 22.1 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 941,615 | 5,000,000 | 1,925,024 | 204.4 | 38.5 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 2,560 | 100,000 | 5,400 | 210.9 | 5.4 |
| Превоз за службени патувања во странство | 447,645 | 1,800,000 | 267,567 | 59.8 | 14.9 |
| Сопствено возило за службени потреби | 91,054 | 500,000 | 107,000 | 117.5 | 21.4 |
| Услуги за патарина,останати услуги од патувања | 43,944 | 200,000 | 35,354 | 80.5 | 17.7 |
| **Вкупно 2** | **2,609,705** | **11,000,000** | **3,093,151** | **118.5** | **28.1** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 146,560 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 3** | **146,560** | **300,000** | **0** | **0.0** | 0.0 |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **2,756,265** | **11,300,000** | **3,093,151** | **112.2** | **27.4** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 48,916 | 700,000 | 18,231 | 37.3 | 2.6 |
| Технички материјал | 528,204 | 2,100,000 | 163,246 | 30.9 | 7.8 |
| Материјал за поправка и одржување | 0 | 300,000 | 191,760 | 0.0 | 63.9 |
| **Вкупно 4** | **577,120** | **3,100,000** | **373,237** | **64.7** | **12.0** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 128,731 | 1,800,000 | 149,045 | 115.8 | 8.3 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 7,188 | 200,000 | 23,340 | 324.7 | 11.7 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 0 | 300,000 | 265,644 | 0.0 | 88.5 |
| **Вкупно 5** | **135,919** | **2,300,000** | **438,029** | **322.3** | **19.0** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2022г. | Финансиски план 2023г. | Остварување 01.07.-30.09.2023г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 17,146,895 | 60,000,000 | 7,090,624 | 41.4 | 11.8 |
| Трошоци за топлотна енергија | 1,576,457 | 18,000,000 | 1,695,981 | 107.6 | 9.4 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 1,217,677 | 3,500,000 | 562,742 | 46.2 | 16.1 |
| **Вкупно 6** | **19,941,029** | **81,500,000** | **9,349,347** | **46.9** | **11.5** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 402,798 | 4,000,000 | 1,187,833 | 294.9 | 29.7 |
| **Вкупно 7** | **402,798** | **4,000,000** | **1,187,833** | **294.9** | **29.7** |
| ***8)Поштенски, телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксна телефонија | 67,712 | 600,000 | 75,710 | 111.8 | 12.6 |
| Телефонски трошоци-мобилни телефонија | 498,626 | 2,000,000 | 491,976 | 98.7 | 24.6 |
| Трошоци за интернет | 219,342 | 800,000 | 78,162 | 35.6 | 9.8 |
| Поштарина | 28,648 | 300,000 | 43,282 | 151.1 | 14.4 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 8,996,950 | 12,000,000 | 1,530,638 | 17.0 | 12.8 |
| **Вкупно 8** | **9,811,278** | **15,700,000** | **2,219,768** | **22.6** | **14.1** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на објектите на МРТ | 1,101,649 | 4,500,000 | 1,124,526 | 102.1 | 25.0 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 451,151 | 10,000,000 | 1,045,941 | 231.8 | 10.5 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 0 | 4,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Одржување на возила | 112,748 | 2,500,000 | 141,483 | 125.5 | 5.7 |
| Одржување на GPS уреди | 10,208 | 100,000 | 7,062 | 69.2 | 7.1 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна на МРТ | 249,863 | 1,000,000 | 106,484 | 42.6 | 10.6 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 813,856 | 3,700,000 | 1,022,486 | 125.6 | 27.6 |
| **Вкупно 9** | **2,739,475** | **25,800,000** | **3,447,982** | **125.9** | **13.4** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 1,430 | 30,000 | 1,096 | 76.6 | 3.7 |
| Дератизација и дезинфекција | 0 | 250,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за ѓубретарина | 207,339 | 950,000 | 207,993 | 100.3 | 21.9 |
| Трошоци за вода | 1,020,399 | 3,800,000 | 862,666 | 84.5 | 22.7 |
| **Вкупно 10** | **1,229,168** | **5,030,000** | **1,071,755** | **87.2** | **21.3** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Трошоци за огласи и конкурси | 66,460 | 800,000 | 107,576 | 161.9 | 13.4 |
| Трошоци за регистрација на возила,полномоштва и друго | 57,064 | 300,000 | 69,339 | 121.5 | 23.1 |
| Шпедитерски услуги, царински услуги и брза пошта | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати) | 0 | 350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **123,524** | **1,600,000** | **176,915** | **143.2** | 11.1 |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 14,515,362 | 60,000,000 | 9,550,025 | 65.8 | 15.9 |
| **Вкупно 12** | **14,515,362** | **60,000,000** | **9,550,025** | **65.8** | **15.9** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2022г. | Финансиски план 2023г. | Остварување 01.07.-30.09.2023г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања, ревалоризација на обврски, побарувања од купувачите, отпис на побарувања и сл. | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 13** | **0** | **200,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за репрезентација | 268,356 | 800,000 | 342,358 | 127.6 | 42.8 |
| Трошоци за организирање на настани | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 14** | **268,356** | **1,900,000** | **342,358** | **127.6** | 18.0 |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 801,267 | 1,500,000 | 504,006 | 62.9 | 33.6 |
| **Вкупно 15** | **801,267** | **1,500,000** | **504,006** | **62.9** | 33.6 |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 10,000 | 0.0 | 100.0 |
| Банкарски услуги | 118,145 | 550,000 | 131,584 | 111.4 | 23.9 |
| **Вкупно 16** | **118,145** | **560,000** | **141,584** | **119.8** | **25.3** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди и консултанти | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборат за безбедност и заштита при работа | 0 | 120,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 17** | **0** | **270,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови и надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет | 1,818,316 | 10,000,000 | 1,984,471 | 109.1 | 19.8 |
| **Вкупно 18** | **1,818,316** | **10,000,000** | **1,984,471** | **109.1** | **19.8** |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 815,412 | 4,400,000 | 186,086 | 22.8 | 4.2 |
| Судски трошоци и административни такси | 8,062 | 200,000 | 24,619 | 305.4 | 12.3 |
| **Вкупно 19** | **823,474** | **4,600,000** | **210,705** | **25.6** | **4.6** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 0 | 100,000 | 40,109 | 0.0 | 40.1 |
| **Вкупно 20** | **0** | **100,000** | **40,109** | **0.0** | **40.1** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 956,313 | 2,000,000 | 81,453 | 8.5 | 4.1 |
| **Вкупно 21** | **956,313** | **2,000,000** | **81,453** | **8.5** | **4.1** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2022г. | Финансиски план 2023г. | Остварување 01.07.-30.09.2023г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 1,421,725 | 5,500,000 | 1,469,984 | 103.4 | 26.7 |
| **Вкупно 22** | **1,421,725** | **5,500,000** | **1,469,984** | **103.4** | **26.7** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 532,571 | 4,000,000 | 309,191 | 58.1 | 7.7 |
| **Вкупно 23** | **532,571** | **4,000,000** | **309,191** | **58.1** | **7.7** |
| ***24)Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра*** | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра | 105,944 | 880,000 | 191,684 | 180.9 | 21.8 |
| **Вкупно 24** | **105,944** | **880,000** | **191,684** | **180.9** | **21.8** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **56,321,784** | **230,540,000** | **33,090,436** | **58.8** | **14.4** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 7,359,273 | 65,930,000 | 1,565,075 | 21.3 | 2.4 |
| Останати програмски права | 13,667,955 | 131,400,000 | 14,097,089 | 103.1 | 10.7 |
| Надомест за јуниорски евросонг | 362,821 | 400,000 | 499,104 | 137.6 | 124.8 |
| Права за спортски настани | 18,138,330 | 109,000,000 | 44,097,683 | 243.1 | 40.5 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Копродукциски проекти | 8,430,599 | 209,500,000 | 30,393,715 | 360.5 | 14.5 |
| **Вкупно 25-програмски права** | **47,958,978** | **517,230,000** | **90,652,666** | **189.0** | **17.5** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 103,388 | 18,500,000 | 44,897 | 43.4 | 0.2 |
| **Вкупно 26** | **103,388** | **18,500,000** | **44,897** | **43.4** | **0.2** |
| ***27)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 57,369 | 400,000 | 37,170 | 64.8 | 9.3 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за вештачење | 0 | 100,000 | 23,600 | 0.0 | 23.6 |
| Технички услуги | 0 | 600,000 | 49,202 | 0.0 | 8.2 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати, стручни мислења и слично) | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 5,591,752 | 32,000,000 | 5,479,993 | 98.0 | 17.1 |
| Трошоци за Евровизија и јуниорски Евросонг | 243,112 | 1,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за судски извршители | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Сателитски сегмент | 2,062,299 | 2,150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 27** | **7,954,532** | **38,250,000** | **5,589,965** | **70.3** | **14.6** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - (ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО) | 3,453,237 | 16,000,000 | 3,786,423 | 109.6 | 23.7 |
| Котизации и акредитации | 165,339 | 110,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 2,627,576 | 17,800,000 | 2,632,614 | 100.2 | 14.8 |
| Надомест за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 0 | 5,800,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 28** | **6,246,152** | **39,710,000** | **6,419,037** | **102.8** | **16.2** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2022г. | Финансиски план 2023г. | Остварување 01.07.-30.09.2023г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 0 | 120,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 29** | **0** | **120,000** | **0** | **0.0** | 0.0 |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **14,304,072** | **96,580,000** | **12,053,899** | **84.3** | **12.5** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **230,778,437** | **1,383,350,000** | **264,255,471** | **114.5** | **19.1** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| **Набавка на опрема и инвестиции** | 2,100,400 | 104,150,000 | 15,522,164 | 739.0 | 14.9 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **2,100,400** | **104,150,000** | **15,522,164** | 739.0 | 14.9 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **232,878,837** | **1,487,500,000** | **279,777,635** | **120.1** | **18.8** |

## IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2023г.

Состојбата на денарските сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2023 година изнесува:

- Комерцијална банка 810,387 денари
- Халк банка 73,656,415 денари
- Тутунска банка 81,675 денари
- Стопанска банка 610,506 денари
- Шпаркасе банка 168,984 денари
- Алфа банка-Силк Роуд 5.641 денари
- Прокредит банка 919.397 денари

***Вкупно на сметки 76.253.005 денари***

Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2023 година изнесува:

- Комерцијална банка 2.963 АУД,
- Комерцијална банка 280 ДКК,
- Комерцијална банка 11.882 ЕУР
- Стопанска банка 125 УСД
- Прокредит банка 3.666 ЕУР

# V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.09.2023 ГОДИНА

**РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 30.09.2023 ГОДИНА**

| ОПИС | Состојба на 31.12.2022 | Состојба на 30.09.2023 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| **Побарувања од купувачите во земјата** | 2,080,761,250 | 2,048,580,193 | 98.5 |
| **Побарувања од купувачите во странство** | 71,371,912 | 70,209,489 | 98.4 |
| **Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите** | -2,082,664,130 | -2,076,774,714 | 99.7 |
| **Вкупно:** | **69,469,032** | **42,014,968** | **60.5** |

Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.12.2022 | Состојба на 30.09.2023 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - редовни побарувања | 2,056,640,159 | 2,026,162,305 | 98.5 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 24,121,091 | 22,417,888 | 92.9 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,043,436,315 | -2,038,672,810 | 99.8 |
| **Вкупно:** | **37,324,935** | **9,907,383** | **26.5** |

Ненаплатените побарувања од купувачите во земјата изнесуваат 9.907.383 денари а се однесуваат на следните видови побарувања:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2022 | Состојба на 30.09.20223 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,019,782,756 | 2,016,724,977 | 99.8 |
| - радио и телевизиски реклами | 31,656,887 | 5,194,196 | 16.4 |
| - радио и телевизиски услуги | 7,353 | 0 | 0.0 |
| - закуп на основни средства | 139,687 | 130,194 | 93.2 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (вода,струја,спогодби) | 4,646,522 | 3,705,984 | 79.8 |
| - побарувања по основ на спогодби | 406,954 | 406,954 | 100.0 |
| - тужени побарувања (за реклами, закупнини и др.) | 24,121,091 | 22,417,888 | 92.9 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,043,436,315 | -2,038,672,810 | 99.8 |
| **Вкупно:** | **37,324,935** | **9,907,383** | **26.5** |

### Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 30.09.2023 година изнесуваат 32.107.585 денари и е однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2022 | Состојба на 30.09.2023 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - Купувачи во странство (тужени побарувања од отстапени права) | 35,590,351 | 34,187,903 | 96.1 |
| - ТВ услуги | 540,058 | 540,132 | 100.0 |
| - технички услуги | 3,020,959 | 3,021,371 | 100.0 |
| - побарувања од закупнини | 16,786 | 16,788 | 100.0 |
| - отстапени права | 31,031,648 | 31,997,856 | 103.1 |
| - фестивали во странство | 871,982 | 139,744 | 16.0 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 300,128 | 305,695 | 101.9 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -39,227,815 | -38,101,904 | 97.1 |
| **Вкупно:** | **32,144,097** | **32,107,585** | **99.9** |

## VI. РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.09.2023 ГОДИНА

| ОПИС | состојба на 31.12.2022 год. | состојба на 30.09.2023 год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **342,561,379** | **313,361,856** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 82,418,642 | 74,590,084 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 21,678,298 | 38,091,847 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД.ПД) даноци и придонеси на плата, камати по истите и сл. | 42,312,198 | 21,547,510 |
| Обврски спрема вработените | 27,259,682 | 30,034,668 |
| Обврски за авторски договори | 7,867 | 24 |
| Краткорочни обврски МФ (доспена камата и главен долг за Лондонски и Париски клуб) | 149,163,078 | 145,163,078 |
| Останати краткорочни обврски | 819,959 | 703,578 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг АД Аеродроми) | 13,996,970 | 3,230,070 |
| Резервирања врз основ на судски спорови (камата и главен долг за ММИ) | 4,904,685 | 997 |
| **Долгорочни обврски** | **153,872,878** | **153,872,878** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 5,234,667 | 5,234,667 |
| Репрограмирани обврски за ДДВ, ДД и камати по истите | 12,975,366 | 12,975,366 |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 135,662,845 | 135,662,845 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **496,434,257** | **467,234,734** |

Вкупните обврски на ЈРП МРТ на 30.09.2023 година изнесуваат 467.234.734 денари и истите се намалени за 29.199.523 денари во однос на состојбата на 31.12.2022 година.

## VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2023 ГОДИНА

Бројот на вработени во ЈРП МРТ на 30.09.2023 година изнесува вкупно 662 лица, што е помалку за 7 лица или за 1% во однос на состојбата на 30.06.2023 година.

**СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2023 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ**

| | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.06.2023 | 1 | 42 | 324 | 5 | 284 | 0 | 12 | 1 | 669 | |
| 30.09.2023 | 1 | 42 | 321 | 5 | 280 | 0 | 12 | 1 | 662 | -7 |
| структура 30.09.2023г.(%) | 0.2 | 6.3 | 48.5 | 0.8 | 42.3 | 0.0 | 1.8 | 0.2 | 100.0 | -1.0 |

**СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2023 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ**

| | македо нци | алба нци | турци | срби | власи | роми | бош њаци | црного рци | оста нато | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.06.2023 | 452 | 153 | 25 | 19 | 6 | 7 | 4 | 2 | 1 | 669 | |
| 30.09.2023 | 446 | 152 | 25 | 19 | 6 | 7 | 4 | 2 | 1 | 662 | -7 |
| структура 30.09.2023г.(%) | 67.4 | 23.0 | 3.8 | 2.9 | 0.9 | 1.1 | 0.6 | 0.3 | 0.2 | 100.0 | -1.0 |

Во текот на третото тримесечје односно во периодот Јули-Септември 2023 година во ЈРП МРТ нема нови вработувања. Во овој период по разно основи вкупно 7 лица го прекинале договорот за вработување со МРТ. По основ на стекнување на право за пензионирање 2 лица од кои 1 Техничар со ССС и 1 Советник на Директор со ВСС, 3 лица користат неплатено отсуство: 1 Снимател камерман 2 со ССС, 1 Стручен соработник 3 со ВСС и 1 Рефернт 1 со ССС, а со раскинување на договрот за вработување заминати се 2 лица и тоа 1 Стручен соработник 2 со ВСС и 1 Оператор на графички систем со ССС.

Скопје, Октомври 2023 година

Директор на ЈРП МРТ

______________________

Марјан Цветковски